РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

БР. 08 - СЛ.
11.08 2017 ГОД
ДЕМИР ХИСАР

До
Центар за истражувачко новинарство
СКУП Македонија

Предмет: Известување/појаснување

Почитувани,

Во врска со објавениот извештај: Репрезентација:Празни дупки за полни стомаци, каде во еден дел е наведено: „*Она што е интересно за сиромашната и урбано запоставена општина **Демир Хисар**, на пример,се ресторантските трошоци. Реализирани се најчесто во локалите "Дојрана" и "Горна куќа". Само во 2016-та година во "Дојрана" се потрошени 109.490.оо денари, а во "Горна Куќа" 144.470.оо денари. Покрај угостителските услуги, општина **Демир Хисар** потрошила и големи суми на златни приврзоци, друг накит и ексклузивни пијалоци"* сакаме да го дадеме следново појаснување:

Во општина Демир Хисар уште од 2005 година е востановена традиција, секоја година, по повод големиот верски празник – Водици, Градоначалникот и Советот на општината да доделуваат златни ланчиња и златни крстови на учесниците на традиционалното фрлање на крст. Со оглед на фактот дека во општината таа традиција се одбележува во дваесетина населени места, секоја година општината набавува по исто толку златни ланчиња и крстови.

Во 2016 година, во посета на општина Демир Хисар престојуваше официјална делегација од збратимената општина Балчова – Република Турција составена од 14 (четиринаесет) лица, предводена од Градоначалникот на истата и претставници на Советот, администрацијата, македонските здруженија и бизнис секторот во општината. За сите учесници во делегацијата, општина Демир Хисар приготви скромни подароци, а финансискиот план за покривање на трошоците за целокупниот престој на делегацијата (сместување, исхрана, патувања, посети и подароци) беше одобрен од страна на Советот на општина Демир Хисар. Само два месеци подоцна, општина Демир Хисар доби донација од општина Балчова 100 комплети јавни корпи за отпадоци со пластичен механизам и 1000 пластични вреќи во вредност од над 7000 евра, а исто така 20 деца од социјално загрозени семејства од општина Демир Хисар добија бесплатно 10-дневно летување во општина Балчова.

Во врска со останатите трошоци за угостителски услуги, сметаме дека (а тоа може да се утврди и од самиот извештај) општина Демир Хисар е една од општините со најмалку потрошени средства за оваа намена споредено со другите општини.

Бараме ова појаснување да биде објавено во прилог на извештајот, а со цел јавноста (а особено граѓаните на општина Демир Хисар) да бидат правилно информирани за што точно се потрошени народните пари и да не се создава погрешна слика дека општината трошела за угостителски услуги, златни приврзоци, накит и ексклузивни пијалоци за приватни потреби, како што се создава впечаток читајќи го Вашиот извештај.

Со почит,

Општина Демир Хисар
Градоначалник
Љупчо Блажевски